**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**
Факс: **+389 48 407 452**

# Интегрирана политика

П.И„ВИТАМИНКА“А.Д. - Прилеп, водејќи сметка за контекстот на организацијата, како и стратешкиот правец на истата, се определува во целост да ја спроведува ПОЛИТИКАТА ЗА КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНА ХРАНА, ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, која е рамка за воспоставување и прегледување на дефинираните цели за овие менаџмент системи, а чии основни принципи се:

- Задоволување на барањата на купувачите и сите заинтересирани страни, како и зголемување на нивното задоволство со производство на квалитетни и безбедни производи, заштита и управување со животната средина;
- Континуиран развој на бизнисот со постојана одговорност за обврските кон општеството и континуирано превенирање и подобрување на животната средина;
- Идентификување на ризиците кои предизвикуваат губиток на профитот и купувачите, но и загадување на животната средина, загрозување на безбедноста и здравјето при работа и нивно брзо и ефикасно елиминирање;
- Создавање коректни односи со добавувачите на производи и надворешни услуги, континуирано следење на нивните перформанси, имајќи при тоа увид во нивното влијание врз заштитата и управувањето со животната и работната средина;
- Обезбедување нулта ниво на смртни случаи и повреди при работа кои имаат за последици траен инвалидитет;
- Обезбедување нулта ниво на изгубено работно време поради повреди при работа и обезбедување здрава и безбедна работна средина, како на вработените, така и на сите присутни во работното окружување;
- Мотивирање на вработените и акционерите и исполнување на нивните потреби во согласност со утврдените норми, можности и овластувања;
- Перманентна едукација и стручно оспособување на вработените, водејќи притоа сметка и за нивниот удел во заштитата и управувањето со животната средина;
- Постојано одржување на чувството на одговорност и исполнување на сите барања на стандардите за квалитет, безбедна храна, животна средина, безбедност и здравје при работа, кај сите вработени и на сите нивоа со нивна активна консултација и партиципација;
- Постојана грижа за подобрување на условите за работа, опремата и знаењето на вработените, како и континуирано преземање мерки за заштита и подобрувањето на животната и работната средина;

За исполнување на овие принципи „Витаминка“ ги има воспоставено и доследно ги применува и подобрува Системите за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа усогласени со барањата на стандардите ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018, Системот за анализа на ризикот во критичните контролни точки - HACCP систем, усогласен со принципите и препораките на Joint WHO/ FAO Codex Alimentarius Commission, стандардот ISO 22000:2005, стандардот IFS, стандардот UTZ и стандардот HALAL, секако почитувајќи ги притоа сите важечки законски прописи.

Прилеп, 24.04.2020 год

Генерален извршен директор
Дипл.екк. Сашо Наумоски

E-Mail: **contact@vitaminka.com.mk**
**www.vitaminka.com.mk**
Комерција домашен пазар: +389 48 407 430
**commerce@vitaminka.com.mk**
Комерција извоз: +389 48 407 409
**export1@vitaminka.com.mk**